РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 12-463/3
26.07.2022 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16), Општина Дојран, на 26.07.2022 година, донесе

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **План за ревитализација на крајбрежјето на Дојранското Езеро преку употреба на решенија засновани врз природата, заради подобра заштита од копнено загадување,** кој го изработува / донесува **Општина Дојран** е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ **План за ревитализација на крајбрежјето на Дојранското Езеро преку употреба на решенија засновани врз природата, заради подобра заштита од копнено загадување**, се определуваат следните: Општина Дојран, Центар за развој на Југоисточниот плански регион, Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, природа и одржлив развој, земјоделски здруженија, задруги и поединци, бизнис сектор, како што се угостителски објекти, приватни сопственици на туристички објекти и сл.

3. За планскиот документ **План за ревитализација на крајбрежјето на Дојранското Езеро преку употреба на решенија засновани врз природата, заради подобра заштита од копнено загадување,** кој го изработува / донесува **Општина Дојран** донесувањето на овој плански документ се очекува дека ќе има влијание врз животната средина

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијанието на стратешките цели и приоритети во поглед на осетливите елементи на животната средина (вода, почва, воздух, управување со отпад, природното и културно/археолошко наследство) како и влијанието на социо-економската состојба.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Дојран на следната веб адреса: www.dojran.gov.mk

6. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Скопје, 26.07.2022

Име и презиме

Анго Ангов

Градоначалник на Општина Дојран

CamScanner